| **Прилог бр. 3** | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|
| Наслов на наставниот предмет | Историја на стара Грција (Задолжителен) | | | |
| Код | / | | | |
| Студиска програма | Археологија | | | |
| Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Институт за историја на уметноста и археологија | | | |
| Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| Академска година /семестар | трета година / петти семестар | | Број на ЕКТС-кредити | 6 |
| Наставник | проф. д-р Војислав Саракински | | | |
| Предуслови за запишување на предметот | Нема | | | |

Целта на овој предмет е студентите подетално да се запознаат со историјата на стара Грција, како и со основните особености на т.н. класична цивилизација, чии вредности се вградени во темелите на современиот западен свет. Преку согледување на основните законитости и процеси кои за прв пат се јавиле во античко време, студентите подобро ќе ги разберат процесите кои траат и денес, а понекогаш се нивно продолжение; освен тоа, тие ќе добијат увид во светогледот и во културните достигања на античкиот свет, чии определници се темел на денешното граѓанско образование.

Предметот го опфаќа периодот од протоисторијата и првата индоевропска миграција на јужниот Балкан, до битката кај Хајронеја. По обработувањето на проблематиката на Критско-микенската цивилизација, се минува на обработување на историјата на Хелените, главно во копнена Хелада и во Егејскиот басен, а само по потреба и пошироко во Средоземјето. Хеленската историја се следи сè до потпаѓањето на копнена Хелада под македонска власт, со што завршува самостојната политичка историја на хеленските полиси.

Содржина на предметната програма: Критско-микенска цивилизација. Хомер и „мрачното време“. Процесот на колонизација. хеленската колонизација во јужна Италија и Сицилија. Раѓање на полисот. Атина и Спарта. Законите на Дракон, реформите на Солон, тиранијата на Песистрат и реформите на Клејстен. Грчко-персиските војни. Атинската пентаконтаетија и поморскиот сојуз. Пелопонеската војна. Хегемонија на Спарта и хегемонија на Теба. Меѓусебни односи на полисите, криза на полисот. Потпаѓање под македонска власт и губење на политичката самостојност.

Методи на учење: компаративен, критичко-аналитички

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупен расположив фонд на време | 180 | | |
| Распределба на расположивото време | 3+1 | | |
| Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | 45 часа |
| | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | 15 часа |
| Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | 35 часа |
| | 16.2. | Самостојни задачи | 35 часа |
| | 16.3. | Домашно учење – задачи | 50 часа |

Начин на оценување

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17.1. | Тестови | | Минимум 36, максимум 70 бодови |
| 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | | 15 бодови |
| 17.3. | Активност и учество | | 15 бодови |
| Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) |

| | | |
|---|---|---|
| | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (Е) |
| | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| Услов за потпис и за полагање завршен испит | нема | |
| Јазик на кој се изведува наставата | македонски | |
| Метод на следење на квалитетот на наставата | континуиран | |
| Литература | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | 1. | | Историја на стара Грција, интерна скрипта | | |
| | 2. | Џ. Бјури, Р. Мигс | Историја Грчке 1 & 2 | Београд: Завод за уџбенике | 2001 |
| | 3. | П. Лисичар | Историја на античките Грци | Скопје: УКИМ | 1961 |
| 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | 1. | М. Ростовцев | Историја старог света | Београд: Фамилет | 2004 |
| | 2. | П. Хр. Илиевски | Животот на Микенците во нивните писмени сведоштва | Скопје: МАНУ | 2002 |